МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 15 ставови (19) и (20) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19, 275/19 и 110/21), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОТ НА ПОДАТОЦИТЕ, ПОСТАПКАТА И НАЧИНОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ИДЕНТИФИКАЦИСКИ БРОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО СТОПАНСТВО И ЗА ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИ И БРИШЕЊЕ, СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ОБРАЗЦИТЕ И ПОТРЕБНАТА ПРИДРУЖНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ, ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИ И БРИШЕЊЕ И НАЧИН И РОК ЗА РАКУВАЊЕ, УПОТРЕБА, ОБЈАВУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ЕДИНСТВЕН РЕГИСТАР НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА, КАКО И СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И РЕШЕНИЕТО ЗА БРИШЕЊЕ ОД ЕДИНСТВЕНИОТ РЕГИСТАР НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат видот на податоците, постапката и начинот за запишување и доделување на единствен идентификациски број на земјоделското стопанство и за промена на податоци и бришење, содржината и формата на обрасците и потребната придружна документација за запишување, промена на податоци и бришење и начин и рок за ракување, употреба, објавување и чување на податоците од Единствен регистар на земјоделски стопанства, како и содржината и формата на решението за запишување и решението за бришење од Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

## Член 2

За запишување на земјоделското стопанство во Единствениот регистар на земјоделски стопанства (во понатамошниот текст: ЕРЗС) и за доделување на единствен идентификациски број на земјоделското стопанство (во понатамошниот текст: ИДБР) односно за пријавување на промени, носителот на земјоделското стопанство поднесува барање за упис и пријава на промени во ЕРЗС во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на подрачјето каде се наоѓа седиштето на земјоделското стопанство.

Барањето од став 1 на овој член се поднесува на Обрасци бр. 1А и 1Б во А4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на обрасците од ставот 2 на овој член се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Кон барањето од член 2 став 1 на овој правилник носителот на земјоделското стопанство треба да ја достави следната придружна документација и тоа:

- изјава на членовите на семејното земјоделско стопанство со која потврдуваат дека се членови на едно земјоделско стопанство и дека се назначува еден од членовите за носител на семејното земјоделско стопанство;

- доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште: податоци за катастарските парцели и имотни листови кои се превземаат директно по електронски пат од Агенцијата за катастар на недвижности во софтверот за ЕРЗС; договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост; договор за закуп на земјоделско земјиште во приватна сопственост; договор за плодоуживање на земјоделско земјиште во државна сопственост, договор за плодоуживање на земјоделско земјиште во приватна сопственост или договор за послуга;

- доказ за бројна состојба на добитокот: податоци за видот на добитокот, бројната состојба на добитокот, редниот број на одгледувалиштето, како и редниот број на ушните маркици за обележаниот добиток кои се превземаат директно по електронски пат од Системот за идентификација и регистрација на животните од Агенцијата за храна и ветеринарство во софтверот за ЕРЗС;

- изјава на одговорното лице на правното лице носител на земјоделското стопанство дека не постои капитална поврзаност меѓу правните лица носители на земјоделските стопанства запишани во ЕРЗС;

- доказ за тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија не постара од шест месеци и
- копија од депонирани потписи за правни лица.

Освен документацијата од ставот 1 на овој член носителот на земјоделското стопанство во зависност од дејноста која ја врши треба да ги достави и следните документи:

- изјава за производство на печурки, вид на печурки, производствен капацитет во м2 и обем на производство за запишување на печуркарник;

- изјава за одгледување полжави, вид на полжави, производствен капацитет во м2 и обем на производство за запишување на производство на полжави;

- сертификат за органско производство или производство во конверзија за органските производители;

- имотен лист во кој се запишани оранжериите за оранжериско производство за запишување на оранжерии кој се превзема директно по електронски пат од Агенцијата за катастар на недвижности во софтверот за ЕРЗС и

- имотен лист за објектот во кој ја извршува дејноста сточарско производство за запишување на земјоделско стопанство кое се занимава со сточарско производство и не располага со земјоделско земјиште кој се превзема директно по електронски пат од Агенцијата за катастар на недвижности во софтверот за ЕРЗС.

Во случај на производство, увоз и дистрибуција на саден материјал од хортикултура подносителот на барањето треба да ги достави следните документи:

- документацијата од став 1 алинеи 1, 4, 5 и 6 од овој член;

- доказ за поседување или располагање со објектот во кој ја извршува дејноста: имотен лист кој се превзема директно по електронски пат од Агенцијата за катастар на недвижности во софтверот на ЕРЗС или договор за закуп на објектот во кој ја извршува дејноста и

- изјава на одговорното лице во правното лице носител на земјоделското стопанство кое врши производство, увоз и дистрибуција на саден материјал од хортикултурата дека не располага со земјоделско земјиште.

**Член 4**

По поднесување на барањето од член 2 став 1 од овој правилник заедно со придружната документација од член 3 од овој правилник со кое се бара запишување во ЕРЗС, електронски се доделува ИДБР на земјоделското стопанство.

ИДБР на земјоделското стопанство се состои од 11 броја од кои првите 10 места се последователниот број на запишаното земјоделското стопанство, а последното место претставува контролен број.

**Член 5**

По доделувањето на ИДБР на носителот на земјоделското стопанство му се издава решение за запишување во ЕРЗС на хартија во бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на решението од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 6**

Земјоделското стопанство се брише од ЕРЗС во следните случаи и тоа:

- на барање на носителот на земјоделското стопанство;
- кога земјоделското стопанство не располага со земјоделско земјиште или со добиток;
- со престанок на вршење на земјоделската дејност или
- врз основ на промените на софтверот на ЕРЗС согласно член 9 од овој правилник.

Формата и содржината на барањето за бришење на земјоделското стопанство од ЕРЗС се дадени во Прилог 3, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 7**

Во случаите од член 6 став 1 од овој правилник, се издава решение за бришење на земјоделското стопанство од ЕРЗС.

Формата и содржината на решението од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 4, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 8**

Податоците од ЕРЗС се чуваат во електронска форма во период од пет години и се употребуваат за административна контрола на барателите на финансиска поддршка, за потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за следење, анализа и креирање на политиките во земјоделството и руралниот развој.

Податоците од ставот 1 на овој член се чуваат во електронска форма, а се објавуваат во збирна форма по земјоделски култури, по општини и на ниво на Република Северна Македонија.

На барање на носителот на земјоделско стопанство се издава тековна состојба за податоците на земјоделското стопанство во ЕРЗС во време на поднесувањето на барањето.

**Член 9**

Софтверот на ЕРЗС еднаш неделно врши промена на податоците за земјоделските стопанства преку автоматско превземање на податоците од базите на податоци кои се дел од Интегрираниот систем за администрација и контрола.

**Член 10**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за видот на податоците, постапката и начинот за запишување и доделување на единствен идентификациски број на земјоделското стопанство и за промена на податоци и бришење, содржината и формата на образците и потребната придружна документација за запишување, промена на податоци и бришење и начин и рок за ракување, употреба, објавување и чување на податоците од Единствен регистар на земјоделски стопанства, како и содржината и формата на решението за запишување и решението за бришење од Единствениот регистар на земјоделски стопанства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 178/14 и 35/15).

**Член 11**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 28-8883/3
4 јануари 2022 година
Скопје

Заменик министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Трајан Димковски,** с.р.

Прилог 1
ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО Образец 1А

# БАРАЊЕ

## ЗА УПИС И ПРИЈАВА НА ПРОМЕНИ ВО ЕРЗС ЗА НОСИТЕЛ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО - ФИЗИЧКО ЛИЦЕ

**ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА НА МЗШВ:** ________________ **ИДБР:** ________________ **Датум** ________________ (пополнува службеникот во Подрачната единица на МЗШВ)

**Органски производител** НЕ ДА

**Организационен облик на земјоделското стопанство – (ЗС):**

1/ семејно земјоделско стопанство; 2/ регистриран индивидуален земјоделец – ПИОМ

**Работна активност :** 1/ се занимава исклучиво со земјоделство; 2/ земјоделство како претежна дејност (над 50% од работното време), 3/ земјоделство како дополнителна дејност (помалку од 50% од работното време); 4/ пензионер (со формален статус)

## ПОДАТОЦИ НА НОСИТЕЛОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО СТОПАНСТВО

(пополнува носителот на земјоделското стопанство)

________________________________________, ________________________
( име и презиме на носителот на земјоделското стопанство ) ЕМБГ

датум на раѓање ________________, место на раѓање ________________ и ________________
(ден, месец и година) (држава на раѓање)

________________________________________, пол М / Ж,
(седиште на земјоделското стопанство)

**Образование:** 1/ незавршено основно образование; 2/ основно образование; 3/ средно образование; 4/ виш о образование; 5/ високо образование-факултет, 6/ постдипломско образование

**Број на членови кои живеат и работат на СЗС:** _____

**Контакт со ЗС:** Број на мобилен телефон ________________, е-пошта ________________

Број на факс ________________, Број на фиксен телефон ________________

**Сметка на ЗС:** **Името банка** ________________, Код на банката ________________

Број на трансакциска сметка ________________, Филијала ________________,

**Пријавено растително производство**

| | |
|---|---|
| Вкупен број на катастарски парцели | |
| Вкупна површина на сите катастарски парцели (м2) | |
| Земјоделски култури | |

**Пријавено сточарско производство**

| Вид на добиток | Вкупен број |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

**Механизација**

| Вид на механизација | Вкупен број |
|---|---|
| | |

**Барател**

________________________
**(потпис)**

**Образец 1 Б**

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

# БАРАЊЕ

## ЗА УПИС И ПРИЈАВА НА ПРОМЕНИ ВО ЕРЗС ЗА НОСИТЕЛ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО - ПРАВНО ЛИЦЕ

**ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА НА МЗШВ:** ______________ **ИДБР:** ________________ **Датум** ______________
(пополнува службеникот во Подрачната единица на МЗШВ)

**Органски производител** НЕ ДА
**Организационен облик на земјоделското стопанство – (ЗС):**
1/ трговец поединец; 2/ трговско друштво; 3/ задруга; 4/ останато (МПЦ или други верски заедници, АРМ, научно-образовни институции и сл.) 5/ регистриран индивидуален земјоделец

## ПОДАТОЦИ НА НОСИТЕЛОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО СТОПАНСТВО

(пополнува носителот на земјоделското стопанство)

____________________________________________, ______________________;
(полн назив на правното лице - носител на земјоделското стопанство ) ( ЕМБС)

________________________, со седиште на ____________________________________
(единствен даночен број) (адреса, општина, населено место)

**Контакт со ЗС:** Број на мобилен телефон ______________________, е-пошта ______________________
Број на факс ____________________, Број на фиксен телефон ____________________
**Одговорно лице:** ______________________________________, ____________________
(име и презиме) (ЕМБГ)

______________, ______________, ______________, пол М / Ж, ______________________
(датум на раѓање) (место на раѓање) (држава на раѓање) (седиште на земјоделското стопанство)
______________________.

**Сметка на ЗС:** Име на банка ______________________________ Код на Банката ____________________
Број на трансакциска сметка ______________________________, Филијала ____________________,

**Пријавено растително производство**

| | |
|---|---|
| Вкупен број на катастарски парцели | |
| Вкупна површина на сите катастерски парцели (м2) | |
| Земјоделски култури | |

**Пријавено сточарско производство**

| Вид на добиток | Вкупен број |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

**Механизација**

| Вид на механизација | Вкупен број |
|---|---|
| | |

**Барател**

______________________________
**(потпис)**

**ПРИЛОГ 2**

Република Северна Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

П.Е ______________ ИДБР бар код

Врз основа на член 15 став ____ од Законот за земјоделство и рурален развој, а по поднесено барање бр. __________, од ________________________ година поднесено од ____________________________________________ Министерството за
(име, презиме и место на живеење на подносителот на барањето)
земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# РЕШЕНИЕ

## за запишување на земјоделско стопанство во Единствениот регистар на земјоделски стопанства

____________________________________________________________
(име и презиме на носителот на земјоделското стопанство односно назив на правното лице)

од ____________________________________________________________
(адреса односно седиштето на земјоделското стопанство)

носител на земјоделското стопанство, со единствен идентификациски број на земјоделското стопанство (ИДБР) ______________, со сметка бр. ______________________, број на членови на земјоделското стопанство _____, како ____________________________ се запишува во Единствениот регистар на
(организациони облик на земјоделско стопанство)
земјоделски стопанства кој се води во електронска форма.

Табела 1: Пријавени површини под растително производство

| Земјоделски култури | Површина на катастарската парцела | Површина на катастарската парцела во која се врши дејноста | Име на катастарска општина | Број на катастарска парцела |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |

**ПРИЛОГ 2**

Република Северна Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Табела 2: Пријавени капацитети за сточарско производство

| Сточарско производство | Вкупен број |
|---|---|
| | |
| | |

**Образложение**

Барателот ________________________________________ поднесе барање бр. ________ од ___________________ година, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Подрачна единица ________________________, за запишување во Единствениот регистар на земјоделски стопанства, согласно член 15 ставови (17) и (18) од Законот за земјоделство и рурален развој поради што донесе решение како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен согласно Законот за општа управна постапка.

__________________________

Име и презиме на овластено лице од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

__________________________

Датум: ( потпис )

**ДОСТАВЕНО:** М.П

- Барателот
- Архива

ПРИЛОГ 3

Република Северна Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

П.Е _______________

**БАРАЊЕ**

за бришење на земјоделското стопанство од Единствениот регистар на земјоделски стопанства

______________________________________________

(име и презиме на носителот на земјоделското стопанство односно назив на правното лице)

од ______________________________________________

(адреса односно седиштето на земјоделското стопанство)

носител на земјоделското стопанство со единствен идентификациски број на земјоделското стопанство (ИДБР) ___________________________, барам да се избрише земјоделското стопанство од Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

датум и место

___________________________

Потпис на барателот

**ПРИЛОГ 4**

Република Северна Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

ПЕ ______________ ИДБР бар код

Врз основа на член 15 став ______ од Законот за земјоделство и рурален развој, а по поднесено барање бр. __________, од ______________________ година поднесено од ______________________________________________, Министерството за земјоделство,
(име, презиме и место на живеење на подносителот на барањето)
шумарство и водостопанство донесе

# РЕШЕНИЕ

## за бришење на земјоделско стопанство од Единствениот регистар на земјоделски стопанства

**СЕ БРИШЕ** ____________________________________________________________
(име и презиме на носителот на земјоделското стопанство односно назив на правното лице)
од ____________________________________________________________
(адреса односно седиштето на земјоделското стопанство)
носител на земјоделското стопанство, со единствен идентификациски број на земјоделското стопанство (ИДБР)____________________,како ______________________.
(организациони облик на земјоделско стопанство)
од Единствениот регистар на земјоделски стопанства кој се води во електронска форма

**Образложение**

Барателот ________________________________ поднесе барање бр. ________ од ____________година, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, подрачна единица ________________________, за бришење од Единствениот регистар на земјоделски стопанства согласно член 15 став (17) од Законот за земјоделство и рурален развој и се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Решено во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – подрачна единица ____________________ бр. ____________ од ______________ година.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен согласно Законот за општа управна постапка.

Датум | М.П. | Име и презиме на овластено лице од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**ДОСТАВЕНО:**
- Барателот
- Архива

______________________

(потпис)